**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**ул. „Светозар Марковиќ" бр.1**
**тел./факс 033 411 550**
**E-mail:info@delcevo.gov.mk**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

**Број 1**

**09.02. 2015 година**

**Службен гласник на општина Делчево**
**Излегува по потреба**
**Гласникот е бесплатен**

**Уредува:**

**Одделение за Правни и општи работи**
**и јавни дејности**

**Февруари 2015**

# -1-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013, Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 09.02.2015 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување акти од 24. седница**
**на Советот на Општина Делчево**

**I**

I.Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево" актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на **24.седница** која се одржа на ден **05.02.2015** година и тоа:

1. Одлука за престанок на мандат на член на Советот на Општина Делчево;
2. Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2015 година;
3. Одлука за долгорочно домашно задолжување на општина Делчево во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP);
4. Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу општина Делчево и општина Македонска Каменица;
5. Одлука за доделување награда на ученици од IV година од СОУ „М.М.Брицо"-Делчево;
6. Одлука за определување на надомест на членовите на Управниот одбор на ЈЛБ „Илинден"-Делчево;
7. Одлука за усвојување на Предлог-Планот за запишување на ученици во прва година во СОУ „М.М.Брицо"-Делчево за учебната 2015/2016;
8. Заклучок за усвојување на Полугодишен извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо„ 2014/2015;
9. Одлука за одобрување на парична помош на Митко Стоичов од с.Стамер;
10. Одлука за одобрување на парична помош на Горица Георгиевска;
11. Одлука за одобрување на парична помош на Благојчо Стојчевски;
12. Програма за измени и дополнувања на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2015 година;
13. Одлука за прифаќање на Иницијатива за изработка Локална урбанистичка документација ( ЛУПД ) за К.П.бр. 4418/2 , 4417 и 4416 Делчево;
14. Одлука за прифаќање на Иницијатива за изработка на Детален урбанистички план ( ДУП ) за дел од Блок 2.8 од ГУП Делчево, Општина Делчево;

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 08-275/1** **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**09.02.2015 година** **Градоначалник,**
**Делчево** **Дарко Шехтански,с.р.**

# -2-

Врз основа на член 46 став 1 алинеја 1 и став 2 алинеја 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 24.редовна седница, одржана на 05.02. 2015 година, донесе

## ОДЛУКА
## за престанок на мандат
## на член на Советотот на Општина Делчево

Член 1

На **Ана Ситновска** член на Советот на Општина Делчево од Коалицијата „За Македонија заедно" и престанува мандатот член на Советот заради поднесена оставка.

Мандатот член на Советот на Општина Делчево и престанува заклучно со денот на донесувањето на оваа одлука.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-240/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**05.02. 2015 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ‟ бр.5/2002), член 22 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Делчево (“Сл.гласник на Општина Делчево‟ бр.15/2013), како и врз основа на доставените предлози до Комисијата за изработка на Програма за работа на Советот, Советот на Општина Делчево, на својата 24. седница, одржана на ден 05.02.2015 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за работа на Советот на Општина Делчево за 2015 година**

Врз основа на доставените предлози од овластени органи кои се јавуваат како изготвувачи и предлагачи на работен материјал од својата област, секоја година се изготвува Програма за работа на Советот на Општина Делчево. Така е изготвена Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2015 година.
Во текот на годината ќе бидат разгледани и други материјали кои во оваа Програма не се вклучени од кои било причини. Програмата претставува насока за работа на Советот и истата е отворена за теми кои се во надлежност на локалната самоуправа. Но, исто така пред Советот може да бидат разгледани извештаи и информации кои се од важност за граѓаните на подрачјето на општина Делчево, а ги изготвуваат и предлагаат подрачните единици на државни органи.
Врз основа на напред наведеното, дадените предлози и согледувањата на стручните служби во Општината Делчево, Програмата за работа на Советот за 2015 година е како што следува:

| **Ред.бр.** | **Назив на актот** | **Предлагач** | **Изготвувач** | **Рок за донесување** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2015; | Комисија за изработка на Програма за работа на Советот | Одделение за правни и општи работи и јавни дејности | Февруари |
| 2 | Заклучок за усвојување на Извештај за дадени информации од јавен карактер во 2014 година; | Градоначалник | Одделение за правни и општи работи и јавни дејности | Април |
| 3 | Квартален изештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2014 година за квартал 4; | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања | Март |
| 4 | Квартален изештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2015 година за квартал 1; | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања | Април-Мај |
| 5 | Годишна сметка и годишен извештај на Општина Делчево за 2014; | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања | Март (15) |
| 6 | Извештај за користење на средствата од резервите за | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања | Март (15) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | претходната година; | | | |
| 7 | Полугодишен извештај за работата на ООУ „ Св.Климент Охридски“; | ООУ „Св.Климент Охридски““ | Директор | Февруари-Март |
| 8 | Годишна сметка на ООУ „Ванчо Прке“; | Сметководител на ООУ „Ванчо Прке“ | ООУ „Ванчо Прке“ | Февруари-Март |
| 9 | Одлука за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација; | Градоначалник | Одделение за правни и општи работи и јавни дејности | По потреба |
| 10 | Одлуки за давање согласност на Статути на ЈЛБ „Илинден“, ОЈУДГ „Весели Цветови“, ЈПКД „Брегалница“, ООУ „В.Прке“, ООУ „Св.Климент Охридски„, СОУ „М.М.Брицо“; | УО на ЈЛБ „Илинден“, ОЈУДГ „Весели Цветови“, ЈПКД „Брегалница“, ООУ „В.Прке“, ООУ „Св.Климент Охридски„, СОУ „М.М.Брицо | Одделение за правни и општи работи и јавни дејности | По потреба |
| 11 | Заклучоци за усвојување на Програми и извештаи за работа на ЈЛБ „Илинден“, ОЈУДГ „Весели Цветови“, ЈПКД „Брегалница“, ООУ „В.Прке“, ООУ „Св.Климент Охридски„, СОУ „М.М.Брицо“; | УО на ЈЛБ „Илинден“, ОЈУДГ „Весели Цветови“, ЈПКД „Брегалница“, ООУ „В.Прке“, ООУ „Св.Климент Охридски„, СОУ „М.М.Брицо | Одделение за правни и општи работи и јавни дејности | тековно |
| 12 | Годишен извештај од работењето на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2014 година; | Директор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево | Директор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево | февруари-март |
| 13 | Предлог-Одлука за определување на висина на надоместок на претседател и членови на УО на ЈЛБ „Илинден“; | УО на ЈЛБ „Илинден“-Делчево | Директор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево | Февруари |
| 14 | Годишна програма за работа на ЈПКД „Брегалница“ за 2015; | УО на ЈПКД „Брегалница“ | Директор на ЈПКД „Брегалница“ | февруари-март |
| 15 | Годишен извештај за работата на ЈПКД „Брегалница“; | УО на ЈПКД „Брегалница“ | Директор на ЈПКД „Брегалница“ | февруари-март |
| 16 | Одлука за усвојување на Предлог план за запишување на ученици во СОУ „М.М.Брицо“ за | Директор на СОУ „М.М.Брицо“ | Одделение за правни и општи работи и јавни дејности | Февруари/Март |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | наредната учебна година; | | | |
| 17 | Годишна сметка на ООУ „Св.Климент Охридски“ за 2014; | Сметководител на ООУ „Св.Климент Охридски“ | Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“ | Март |
| 18 | Полугодишен извештај за работата на ООУ „Ванчо Прке“; | УО на ООУ „Ванчо Прке“ | ООУ „Ванчо Прке“ | Март |
| 19 | Меморандум за разбирање и финасиска поддршка за одредени проекти; | УО на ООУ „Ванчо Прке“ | Директор | По потреба, тековно |
| 20 | Годишна сметка на ОЈУДГ „Весели Цветови“ за 2014; | Сметководител на ОЈУДГ „Весели Цветови“ | Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“ | Март |
| 21 | Годишен извештај за работата на ОЈУДГ „Весели Цветови“; | УО на ОЈУДГ „Весели Цветови“ | Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“ | Март |
| 22 | Полугодишен извештај за работата и постигнатите резултати на ООУ „Ванчо Прке“ ; | УО на ООУ „Ванчо Прке“ | Директор на ООУ „Ванчо Прке“, | Март |
| 23 | Одлуки за утврдување на Нацрт-урбанистички планови согласно усвоена Годишна програма; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај и заштита на ЖС | Февруари-Декември |
| 24 | Одлука за донесување на урбанистички планови и општи акти согласно усвоена Годишна програма | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај и заштита на ЖС | Февруари-Декември |
| 25 | Одлука за усвојување на Иницијативи за отпочнување со изработка на Урбанистичка документација (ГУП; ДУП, Урбанистички план вон населено место, ЛУПД, урбанистичко-планска документација за туристичка развојна зона, урбанистичка документација за автокамп и планска документација за градби од посебен интерес, | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај и заштита на ЖС | Февруари-Декември |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Општи акти) согласно усвоена Годишна програма и опфатени во Законот за просторно и урбанистичко планирање; | | | |
| 26 | Одлуки за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичка документација; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај и заштита на ЖС | Тековно и по потреба |
| 27 | Одлуки за утврдување на потреба за изработка и донесување на ЛУПД за потребите на општина Делчево и на заинтересирани странки; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај и заштита на ЖС | Февруари-Декември |
| 28 | Одлуки за поддршка на проекти од програма ИПА прекугранична соработка Македонија-Бугарија преку Министерство за финансии | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | По објавен повик |
| 29 | Одлуки за поддршка на проекти од Агенцијата за поддршка на земјоделството и рурален развој | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | По потреба |
| 30 | Одлуки за поддршка на проекти од Бирото за регионален развој; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | По потреба |
| 31 | Информација за извршување на одлуките донесени од Советот на Општина Делчево; | Градоначалник | Одделение за правни и општи работи и јавни дејности; | Април-Мај |
| 32 | Одлуки за поддршка на проекти преку Канцеларијата на Источно-планскиот регион; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | По потреба |
| 33 | Одлуки за поддршка на | Градоначалник | Одделение за | По потреба |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | проекти преку Швајцарската агенција за развој и соработка-Програма за зачување на природата; | | урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | |
| 34 | Одлука за именување на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на подрачјето на општина Делчево; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | Мај-Декември |
| 35 | Одлука за определување на општинските патишта на подрачјето на општина Делчево; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | Мај-Декември |
| 36 | Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за втор квартал; | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања | Јули |
| 37 | Годишна програма на СОУ „М.М.Брицо‟; | УО на СОУ | Директор | Јули |
| 38 | Годишен извештај за работата на ООУ „Ванчо Прке‟; | УО на ООУ | Директор | Јули-Август |
| 39 | Годишен извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски‟; | УО на ООУ | Директор | Јули- Август |
| 40 | Годишна програма за работа на ООУ „Св.Климент Охридски‟; | УО на ООУ | Директор | Јули- Август |
| 41 | Ребаланс на Буџетот на општина Делчево; | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања | По потреба |
| 42 | Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за трет квартал; | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања | Октомври-Ноември |
| 43 | Одлука за усвојување на измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево; | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања | По потреба |
| 44 | Годишен извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо‟ | УО на СОУ | Директор | Септември |
| 45 | Заклучок за усвојување | УО на ОЈУДГ | Директор | Октомври |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на<br>Годишната програма за работата<br>на ОЈУДГ „Весели Цветови‟ | „Весели Цветови‟ | | |
| 46 | Одлука за доделување на студентски стипендии | Градоначалник на Општина Делчево | Одделение за прави и општи работи и јавни дејности | Ноември |
| 47 | Одлука за доделување на ученички стипендии | Градоначалник на Општина Делчево | Одделение за прави и општи работи и јавни дејности | Ноември |
| 48 | Финансиски план на ООУ „Ванчо Прке‟ | УО на ООУ | Директор | Ноември |
| 49 | Финансиски план на ООУ „Св.Климент Охридски‟ | УО на ООУ | Директор | Ноември |
| 50 | Буџетски календар за 2016 година; | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања | Декември |
| 51 | Буџет на Општина Делчево за 2016 година; | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања | Декември |
| 52 | Одлука за извршување на Буџет на Општина Делчево за 2016; | Градоначалник | Одделение за финансиски прашања | Декември |
| 53 | Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2016 година; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | Декември |
| 54 | Програма за изградба, реконструкција и одржување на општински патишта и улици во општина Делчево за 2016 година; | Градоначалник | Декември | Декември |
| 55 | Програма за управување со отпад во општина Делчево за 2016 година; | Градоначалник | Одделение за урбанизам, уредување на ГЗ, комунални работи и сообраќај, заштита на ЖС и ЛЕР | Декември |

Советот на Општина Делчево во текот на 2015 година, зависно од потребата за усогласување со законската регулатива, дава согласност на статутите на установите кои се во надлежност на Советот (ЈПКД „Брегалница‟, СОУ „М.М.Брицо‟, ООУ „В.Прке‟, ООУ „Св.Климент Охридски‟, ЈЛБ „Илинден‟ и ОЈУДГ „Весели Цветови‟. Исто така, Советот на Општина Делчево именува и разрешува членови во органите на управување и донесува

одлуки за начинот на располагање со средствата на истите. Советот на Општина Делчево го усвојува и Годишниот изврштај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патишата на подрачјето на општина Делчево.
Во тековната година, согласно согледувањата и потребата, Советот одлучува по барања за дополнувања на блок (наменските) дотации на корисниците од сопствени извори на Општината. Програмата за работа на Советот на Општина Делчево за 2015 година не е затворена и може да се надополнува доколку се јави потреба за тоа, согласно член 2 од Одлуката за формирање на Комисијата за изработка на Програма за работа на советот и член 134 од Деловникот.

**Број 09-241/1**
**05.02. 2015 год.**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов,с.р.**

# -4-

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), член 4 од Законот за јавен долг ( „Сл. весник на РМ" бр.62/05, 88/08, 35/11 и 139/14), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02), Советот на Општина Делчево на својата 24. седница одржана на 05.02. 2015 година, донесе

## О Д Л У К А
За долгорочно домашно задолжување на општина Делчево во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP)

Член 1

Со оваа Одлука се уредува долгорочно домашно задолжување на општина Делчево, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој Светска банка, во висина на 19.655.950,00 денари со ДДВ, а со цел финансирање на капитален инвестиционен проект: ***Реконструкција на постоечки кров и доградба на детска градинка "Весели цветови" – Делчево***.

Член 2

Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно препозајмување преку Проектот за подобрување на општинските услуги, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка, под следниве услови:

1. **каматна стапка: шест месечен EURIBOR за евро валута со варијабилен распон**
2. **рок на отплата: 13 години**
3. **грејс период: 3 години**

4. **последниот датум на отплата на заемот нема да биде подоцна од 15.02.2030 година.**

Член 3

Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи одлуката бр. 07-2360/1 од 01.12.2014 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Делчево"

**Број 09-242/1**
**05.02.2015 г.**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов,с.р.**

## -5-

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Сл.весник на РМ" бр. 79/2009), член 22 од Статутот на општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево" бр.15/2013), а согласно Барањето на Градоначалникот на Општина Македонска Каменица бр.09-70/1 од 15.01.2015 година, Советот на Општина Делчево, на својата 24.редовна седница, одржана на ден 05.02.2015 година, донесе

### ОДЛУКА
### за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Македонска Каменица

Член 1

Општина Делчево воспоставува меѓуопштинска соработка со Општина Македонска Каменица за вршење на работи и работни задачи во Одделението за инспекциски надзор-Овластен инспектор за заштита на животна средина.

Член 2

За регулирање на меѓусебните права и обврски на Општина Делчево и Општина Македонска Каменица ќе биде склучен Договор за меѓуопштинска соработка, согласно одредбите од член 29 на Законот за меѓуопштинска соработка.

Член 3

По склучувањето на Договорот од член 2 на оваа одлука, Овластениот инспектор за заштита на животна средина од Општина Делчево ќе извршува работни обврски и во Општина Македонска Каменица, по барање на Општина Македонска Каменица.

Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-243/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**05.02. 2015 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

# -6-

Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Сл. Весник на РМ" бр. 5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 24. редовна седница, одржана на ден 05.02. 2015 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За доделување награда на ученици од IV година**
**од СОУ „М.М.Брицо" – Делчево**

Член 1

Се доделува награда на 10 (десет) најдобри ученици од IV година од СОУ „М.М.Брицо – Делчево.
Наградата е екскурзија низ Европа.

Член 2

Средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина Делчево".

**Број 09-244/1**
**05.02. 2015 година**
**Делчево**

**Совет на општина Делчево**
**Претседател,**
**Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 35 став 1 и член 38 од Законот за културата („Сл.весник на РМ" бр.31/98,49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/2010, 47/2011, 51/2011, 136/2012, 23/2013 и 187/2013), како и член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 24.редовна седница, одржана на ден 05.02.2015 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за определување на надомест на членовите**
**на Управниот одбор на ЈЛБ „Илинден"-Делчево**

Член 1

Со оваа одлука се определува висината на надоместот на членовите на Управниот одбор на ЈЛБ „Илинден"- Делчево.

Висината на надоместот се определува за присуство на одржана седница на Управниот одбор, еднаш месечно, без разлика колку седници се одржани.

За претседателот на Управниот одбор на ЈЛБ „Илинден"-Делчево се определува надомест од 400,00 денари, а за членовите 300,00 денари.

На членовите на Управниот одбор претставници од ЈЛБ „Илинден"-Делчево не им следува надомест.

Член 2

Средствата за исплатата на овој надомест ЈЛБ „Илинден"-Делчево да ги обезбеди од сопствени приходи.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-245/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**05.02. 2015 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), а во врска со член 31 од Законот за изменување и дополнување на Законот за средно образование ("Сл.весник на РМ" бр.67/04), Советот на Општина Делчево, на својата 24.редовна седница, одржана на ден 05.02.2015 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Предлог-Планот за запишување на ученици во прва година во СОУ „М.М.Брицо" Делчево за учебната 2015/2016**

Член 1

Се усвојува Предлог-Планот за запишување на ученици
во прва година во СОУ „М.М.Брицо" Делчево за учебната 2015/2016, бр.0302-28/1 од 21.01.2015 година, со следните образовни струки и образовни профили:

| Вид на образование | Вкупно паралелки | Вкупно ученици | Паралелки на мак.наст.јазик | Ученици на мак.наст.јаз. |
|---|---|---|---|---|
| **а) Гимназиско образование вкупно** | **5** | **170** | **5** | **170** |
| **б) Стручно образование (во четиригодишно траење)** | **2** | **68** | **2** | **68** |
| **Струка** | **Образовен профил** | | | |
| 1) Текстилно-кожарска | Конфекциски техничар 1 | 34 | 1 | 34 |
| 2) Хемиско-технолошка | Прехрамбен техничар **1** | **34** | **1** | **34** |
| | | | | |
| **в) Стручно образование во тригодишно траење** | | | | П |
| Струка Текстилна | Конфекционер 1 | 34 | 1 | 34 |
| / | / | / | / | / |
| Вкупно (а+б+в) | **8** | **272** | **8** | **272** |

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-246/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**05.02.2015 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Драган Христов,с.р.**

# -9-

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 24.редовна седница, одржана на ден 05.02.2015 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Полугодишниот извештај**
**за работата на**
**СОУ „М.М.Брицо" 2014/2015**

1. Се усвојува Годишниот извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо" 2014/2015 година;

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-247/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**05.02. 2015 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Драган Христов,с.р.**

# -10-

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево и Барањето за материјална помош на дете Уп бр.21-26 од 21.01.2015 година, Советот на Општина Делчево, на својата 24.редовна седница, одржана на ден 05.02. 2015 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на парична помош на**
**Митко Стоичов од с.Стамер**

Член 1

Советот на Општина Делчево одобрува парична помош во износ од 25.000,00 денари на лицето Митко Стоичов од с. Стамер.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука се доделуваат за надоместување на дел од материјалната штета на опожарен објект-штала.

Член 3

Средствата од член 1 на оваа одлука ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево.

Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-248/1**
**05.02.2015 година**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов,с.р.**

## -11-

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево и Барањето за материјална помош Уп бр.21-4 од 05.01.2015 година, Советот на Општина Делчево, на својата 24.редовна седница, одржана на ден 05.02.2015 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на парична помош на**
**Горица Георгиевска**

Член 1

Советот на Општина Делчево одобрува парична помош во износ од 15.000 денари на лицето **Горица Георгиевска,** ул. „Кеј на Брегалница" бр.2/2 стан 14 од Делчево.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука се доделуваат за болничко лекување.

Член 3

Средствата од член 1 на оваа одлука ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево.

Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-249/1**
**05.02. 2015 година**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов,с.р.**

## -12-

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево и Барањето за материјална помош Уп1 бр.21-46 од 29.01.2015 година, Советот на Општина Делчево, на својата 24.редовна седница, одржана на ден 05.02. 2015 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за одобрување на парична помош на**
**Благојчо Стојчевски**

Член 1

Советот на Општина Делчево одобрува парична помош во износ од 60.000,00 денари на лицето **Благојчо Стојчевски,** ул. „Глигор Прличев“ бр.29 од Делчево.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука се доделуваат за болничко лекување.

Член 3

Средствата од член 1 на оваа одлука ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево.

Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-250/1**
**05.02.015 година**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Драган Христов,с.р.**

# -13-

Врз основа на член 17-а став 1 од Закон за просторно и урбанистичко планирање и измени на истиот ( „Сл.весник на РМ“ бр. 51/05;137/07;91/09;124/10;18/ 11 ; 53/11 ; 144/12 и 55/13 и 163/13),член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), Советот на општина Делчево, на својата 24. редовна седница, одржана на ден 05.02.2015 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за прифаќање на Иницијатива за изработка Локална урбанистичка документација ( ЛУПД ) за К.П.бр. 4418/2 , 4417 и 4416 КО Град**

**Член 1**

Со оваа Предлог Одлука се прифаќа Иницијативата за изработка Локална урбанистичка документација ( ЛУПД ) за К.П.бр. 4418/2 , 4417 и 4416 КО Град.

**Член 2**

Иницијативата произлегува од потребата на Инвеститорот за оформување на површина за градење согласно законската регулатива со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија и Е2-комунална супраструктура.

**Член 3**

Одлуката се однесува на прифаќање на Иницијативата за изработка Локална урбанистичка документација ( ЛУПД) за К.П.бр. 4418/2 , 4417 и 4416 Делчево за минимално потребен опфат од **7153 м2**

граници на минимално предвиден опфат:

- На северозапад К.П бр.4418/2 и 4417 граничат со К.П бр.4413, а К.П.бр.4416 граничи со пристапен пат К.П.бр.4414
- На западната страна К.П бр.4418/2 граничи со К.П.бр.4418/1
- Јужно К.П.броевите 4418/2,4417 и 4416 граничат со пристапен пат К.П.5491

**Член 4**

Одлуката се заверува со печат на Советот на Општина Делчево и потпис на Претседателот на Советот на општината.

**Член 5**

Со донесувањето на оваа Одлука, Општината Делчево да продолжи со постапката согласно законската регулатива на трошок на поднесувачот на Иницијативата согласно неговата Забелешка-Изјава дадена во Барањето

**Член 6**

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Делчево,,.

Број 09 – 252/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

05.02.2015 год. Претседател,

Делчево Драган Христов,с.р.

**-14-**

Врз основа на член 17-а став 1 од Закон за просторно и урбанистичко планирање и измени на истиот ( Сл.в. на РМ 51/05;137/07;91/09;124/10;18/ 11 ; 53/11 ; 144/12 и 55/13 и 163/13),член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.в на РМ бр. 5/02) Советот на општина Делчево, на својата 24. редовна седница, одржана на ден 05.02.2015 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за прифаќање на Иницијатива за изработка на Детален урбанистички план ( ДУП ) за дел од Блок 2.8 од ГУП Делчево, Општина Делчево**

**Член 1**

Со оваа Предлог Одлука се прифаќа Иницијативата за изработка Детален урбанистички план ( ДУП ) за дел од Блок 2.8 од ГУП Делчево, Општина Делчево.

**Член 2**

Иницијативата произлегува од потребата на Инвеститорот за оформување на површина за градење согласно законската регулатива.

**Член 3**

Одлуката се однесува на прифаќање на Иницијативата за изработка Детален урбанистички план ( ДУП ) за дел од Блок 2.8 од ГУП Делчево, Општина Делчево за минимално потребен опфат од 686.13 м2

граници на минимално предвиден опфат:

- На југозапад граничи со бул.„Маршал Тито" со К.П.бр.9016
- И на Север,Исток и Југ со К.П бр.6682/2

**Член 4**

Одлуката се заверува со печат на Советот на Општина Делчево и потпис на Претседателот на Советот на општината.

**Член 5**

Со донесувањето на оваа Одлука, Општината Делчево да продолжи со постапката согласно законската регулатива на трошок на поднесувачот на Иницијативата согласно неговата Забелешка - Изјава дадена во Барањето.

**Член 6**

Оваа одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Делчево,,.

**Број 09 – 253/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**05.02.2015 год.** **Претседател,**

**Делчево** **Драган Христов**

СОДРЖИНА


| Р.Бр | Име на акт | Архивски бр. | Страна |
|---|---|---|---|
| **1** | **РЕШЕНИЕ за објавување акти од 24. седница на Советот на Општина Делчево** | 08-275/1 | 1,2 |
| 2 | **ОДЛУКА за престанок на мандат на член на Советотот на Општина Делчево** | 09-240/1 | 2 |
| 3 | **ПРОГРАМА за работа на Советот на Општина Делчево за 2015 година** | 09-241/1 | 3,4,5,6,7,8,9 |
| 4 | **О Д Л У К А<br>За долгорочно домашно задолжување на општина Делчево во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP)** | 09-242/1 | 9,1 |
| 5 | **ОДЛУКА<br>за воспоставување на меѓуопштинска соработка меѓу Општина Делчево и Општина Македонска Каменица** | 09-243/1 | 10,11 |
| 6 | **ОДЛУКА<br>За доделување награда на ученици од IV година од СОУ „М.М.Брицо“ – Делчево** | 09-244/1 | 12 |
| 7 | **ОДЛУКА<br>за определување на надомест на членовите на Управниот одбор на ЈЛБ „Илинден“-Делчево** | 09-245/1 | 13 |
| 8 | **ОДЛУКА<br>за усвојување на Предлог-Планот за запишување на ученици во прва година во СОУ** | 09-246/1 | 14,15 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **„М.М.Брицо“ Делчево за учебната 2015/2016** | | |
| 9 | **ЗАКЛУЧОК за усвојување на Полугодишниот извештај за работата на СОУ „М.М.Брицо“ 2014/2015** | 09-247/1 | 15 |
| 10 | **ОДЛУКА за одобрување на парична помош на Митко Стоичов од с.Стамер** | 09-248/1 | 16 |
| 11 | **ОДЛУКА за одобрување на парична помош на Горица Георгиевска** | 09-249/1 | 17 |
| 12 | **ОДЛУКА за одобрување на парична помош на Благојчо Стојчевски** | 09-250/1 | 18 |
| 13 | **ОДЛУКА за прифаќање на Иницијатива за изработка Локална урбанистичка документација ( ЛУПД ) за К.П.бр. 4418/2 , 4417 и 4416 КО Град** | 09-252/1 | 19 |
| 14 | **ОДЛУКА за прифаќање на Иницијатива за изработка на Детален урбанистички план ( ДУП ) за дел од Блок 2.8 од ГУП Делчево, Општина Делчево** | 09-253/1 | 20,21 |
| | СОДРЖИНА | | 21,22 |